## АКТИВНОСТИ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ИНВАЛИДСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗМИНАТИТЕ 6 МЕСЕЦИ

*Ѓорѓи ГРУЈЕВСКИ*

Заедница на инвалидските организации на Македонија

Во првите 6 месеци Заедницата на инвалидските организации на Македонија покрај секојдневните активности, беше вклучена и во работата на Националното координативно тело за еднакви права, кое во меѓувреме одржа 3 тркалезни маси на следниве теми:

**1. Здравствено осигурување и здравствена заштита на лицата со инвалидност** одржана на 26.1.2005 година, на која се донесоа следниве заклучоци:

- Да се формираат уште неколку регионални центри за следење на деца со ризик-фактор и да се подобри координацијата меѓу нив и центрите за социјална работа.
- Да се формираат поголем број регионални комисии за утврдување на специфичните потреби за лицата со инвалидност и услугата за корисниците да биде бесплатна.
- Укинување секаков вид партиципација во цената на помагалата, а особено ургентно укинување на партиципацијата за ортозите што имаат иста функција, како и протезите, односно замена за изгубената функција на екстремитетот.
- Обезбедување референтни цени, со кои ќе се обезбеди повисок европски стандард на помагалата.

Адреса за кореспонденција:
*Ѓорѓи ГРУЈЕВСКИ*
Заедница на инвалидските
организации на Македонија
11 Октомври 42 а
1000 Скопје, Република Македонија
sgnm@mt.net.mk

## ACTIVITIES OF THE ASSOCIATION OF THE ORGANIZATIONS FOR DISABLED PEOPLE IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA FOR THE LAST SIX MONTHS

*Georgi GRUJEVSKI*

Association of Organizations for Disabled People of Macedonia

During the first six months, the Association of the Organizations for Disabled People in the Republic of Macedonia, besides its everyday activities, was included in the work of the National Coordinative Body for Equal Rights, which in the meantime held three round table discussions on the following topics:

**1. Health Insurance and Health Care of People with Disabilities** held on 26 January 2005. The following conclusions were brought:

- To establish New Regional Centers for follow up of children with risk factors and to provide better cooperation between these centers and the centers for social work.
- To form more Regional Commissions for determining specific needs of people with disabilities and to provide free of charge service for the beneficiaries.
- To revoke any kind of participation for the orthopedic aids, to revoke urgently participations for orthosis that have the same function as prostheses, i.e. substitute for the lost function of the extremities.
- To provide good market price and higher European standard of the aids.

Corresponding Address:
*Georgi GRUJEVSKI*
Association of Organizations for
Disabled People of Macedonia
11 October 42 a
1000 Skopje, Republic of Macedonia
sgnm@mt.net.mk

- Обезбедување поширок асортиман на помагала, согласно новите технолошки достигнувања во светот.
- Обезбедување целосна достапност на фирмите што произведуваат и дистрибуираат помагала и нивна контрола за да се обезбеди соодветен стандард и квалитет.
- Обука на лица што ќе вршат функција на асистент (помошник) во болниците и на местата каде што тоа е потребно на лицата со инвалидност.
- Државата да обезбеди услови за рекреативно физички активности на лицата со инвалидност во функција на нивното здравје и Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во РМ, посебно да се ангажира за спроведување на овој заклучок.
- Листата на позитивни лекови да се прошири со специфични лекови за лицата со инвалидност и да се обезбеди нивна постојана достапност.
- Да се настојува во Фондот за здравствено осигурување на Македонија да се предвидат финансиски средства за вградување кохлеарен имлантант, посебно за малолетни деца. Доколку е потребно да се измени и дополни законската регулатива, за да се овозможи и во нашата земја да се изведуваат операции за вградување на кохлеарен имплантант кај глуви лица.
- За здравствената заштита на одредени категории телесни инвалиди од големо значење ќе биде враќањето на правото на бањско климатско лекување на товар на Фондот за здравствено осигурување, за што се неопходни измени во Законот за здравствена заштита. Предлагаме ова право да се користи и за сите други категории на лица со инвалидност, како што тоа беше порано.

- To provide wider assortment of aids according to the new technological achievements in the world.
- To provide available insight into the firms which produce and distribute aids and to provide control for better quality and standards.
- To train assistants to help people with disabilities in hospitals or other places where necessary.
- The State to provide conditions for recreation and physical activities of people with disabilities to improve their health. The National Coordinative Body for Equal Rights of People with Disabilities in RM should engage itself this conclusion to be carried out.
- To widen the Positive medication list with specific medications for people with disabilities and to provide their constant availability.
- To impose on the Health Insurance Fund of Macedonia to anticipate financial means for implementation of cochlear implants, especially for very young children. To change and to add new legal regulations in order to provide conditions for cochlear implant operations with deaf people in our country.
- There should be some changes in the Law on Health Care in order to provide health care for certain categories of disabled people, enabling them health spa treatment covered by the Health Insurance Fund. We suggest this right to refer to all other categories of disabled people as before.

- За сите предложени заклучоци да се достави писмен одговор од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Македонија до Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во РМ, и тоа:
  - Дали предложените заклучоци се прифаќаат или не, и доколку некој заклучок не се прифаќа да се објасни од кои причини;
  - Какви се можностите за реализација на секој заклучок поединечно и план и динамика за реализација.

**2. Состојби на образованието за лица со оштетен слух**, одржана на 4.4.2005 година, на која се донесоа следниве заклучоци:

- Со оглед на комплексноста на проблематиката се наметнува организација на уште една тркалезна маса со цел разрешување на проблемите на лицата со оштетен слух;
- Зајакнување превентивата на слушните оштетувања;
- Рана детекција на слушните оштетувања преку спроведување неонаталната аудиометрија и создавање национална скрининг-програма;
- Создавање систем за рана интервенција, што подразбира обезбедување на легислатива и мобилна служба во домашни услови;
- Избор на соодветна комуникациска опција за деца со оштетен слух;
- Примена на соодветна амплификација и кохлеарна имплантација до 12 месеци;
- Координација меѓу инволвираните институции во рамките на раната интервенција;
- Изготвување правилник за проценка на специфичните потреби;
- Употреба на кохлеарниот имплант како претпоставка за инклузивното образование;

- The Ministry of Health and the Health Insurance Fund are asked to reply to the National Coordinative Body for Equal Rights of People with Disabilities in RM regarding the suggested conclusions:
  - Whether they accept or not the suggested conclusions, and to explain the reasons if the answer is no.
  - What the possibilities to carry out each conclusion separately are and the plan and dynamic of their implementation.

**2. Conditions of the Education of people with impaired hearing** held on 4 April 2005. The following conclusions were brought:

- Organization of a round table discussion on the problems of people with impaired hearing was imposed considering the importance of this issue,
- To strengthen the prevention of hearing impairments,
- Early detection of hearing impairments through neonatal audiometry and to establish National screening programme.
- To establish system for early intervention, to introduce legislation and mobile service in domestic conditions,
- To choose appropriate communication option for children with impaired hearing,
- To implement appropriate amplification and cochlear implantation till 12 months of age,
- Coordination between involved institutions within the early intervention,
- To prepare the Rulebook for estimation of specific needs,
- Use of a cochlear implant as an anticipation for inclusive education,

- Создавање ресурсни центри во рамките на инклузивниот процес;
- Иновирање на наставниот план и програми;
- Модернизација во наставниот процес;
- Индивидуализација во наставниот процес;
- Активен пристап во наставаниот процес;
- Зголемување изборот на професии за ученици со оштетен слух;
- Обезбедување на вертикалната проодност од средното кон високото образование.

**3. Социјалната сигурност на лицата со инвалидност одржана на 16.5.2005 година**.

Заклучоците од оваа тркалезна маса се во фаза на изготвување.

- To establish resource centers within the inclusive process,
- To innovate the curricula and programmes,
- To update educational process,
- Individualization in educational process,
- Active approach in educational process,
- To increase the choice of vocations for students with impaired hearing,
- To provide vertical entrance from secondary to higher education.

**3. Social security of people with disabilities held 16 May 2005.**

The conclusions of this round table are still being prepared.